SEE Dialogue South-East Europe

# БАЛКАНСКИ МЕДИУМСКИ БАРОМЕТАР

## МАКЕДОНИЈА 2013.

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

Реализирано во
соработка со НВО Јавност

Public.
Center for New Policies
and Freedom of Media

**Издавач:** Фондација Фридрих Еберт - Канцеларија Скопје
Костурски Херои 38 - II кат
МК 1000 Скопје
P.O.Box 423
Tel.: +389 389 (0)2 3093 181 / 3093 182
E-mail: contact@fes.org.mk
www.fes.org.mk
© Friedrich-Ebert-Stiftung

**Уредник:** Ѕвездан Георгиевски
**Одговорен:** Д-р Хајнц Бонгарц
**Известувач:** Љубомир Костовски
**Лектура:** Инда Костова Савиќ
**Техничко уредување:** Artlab Design, Скопје
**Печатница:** Пропоинт ДОО, Скопје

316.774(497.7)"2013"

БАЛКАНСКИ МЕДИУМСКИ БАРОМЕТАР: Македонија 2013
Уредник: Ѕвездан Георгиевски
Скопје: Фондација "Фридрих Еберт", Фондација "Фридрих Еберт"
Канцеларија Скопје, 2013.
64 стр. ; 21 cм

Библиографски и други белешки во текстот.

ISBN 978-9989-109-68-3
а) Медиуми - Македонија - 2013
COBISS.MK-ID 94329610

Ставовите, мислењата и заклучоците изнесени во оваа публикација не мора да се во согласност со ставовите на Фондација Фридрих Еберт.
Фондација Фридрих Еберт не гарантира за точноста на податоците кои се изнесени во оваа публикација.

# БАЛКАНСКИ МЕДИУМСКИ БАРОМЕТАР
# МАКЕДОНИЈА 2013

Уредник: Ѕвездан Георгиевски

Скопје, 2013.

# СОДРЖИНА


**Вовед** 4

**Резиме** 6

**СЕКТОР 1:** 11

Слободата на изразување, заедно со слободата на медиумите, ефективно е заштитена и промовирана

**СЕКТОР 2:** 25

Медиумското опкружување, кое вклучува и нови медиуми, е карактеризирано со разновидност, независност и одржливост

**СЕКТОР 3:** 35

Регулирањето на радио-телевизијата етранспарентно и независно; државната радио-телевизија е трансформирана во вистинска јавна радио-телевизија

**СЕКТОР 4:** 47

Медиумите исполнуваат високо ниво на професионален стандард

**Настани во текот на последните неколку години** 57

**Поглед кон иднината** 60

**Учесници во панел дискусијата** 61

# Вовед

Медиа барометрите организирани од Фондацијата„Фридрих Еберт“(ФЕС) се инструменти за самопроценка кои овозможуваат мерење на статусот на слободата на изразување и, воопшто, слободата на медиумите во национален контекст. Вакви проценки се вршени во различни земји во Африка (од 2004 година) и во Азија (после 2009 година).

Во септември 2011 година, ФЕС го започна Балканскиот медиа барометар (БМБ) со пилот-проект за Југоисточна Европа, во Босна и Херцеговина. Проектот подоцна беше имплементиран во Бугарија (2012 година), па во Албанија и Македонија (2013).

Панел од експерти во Македонија дискутираа и оценија листа од 44 показатели засновани врз стандарди утврдени во европските документи, повеќето од нив усвоени од Советот на Европа. Овој пристап на работење, врз основа на принципи утврдени на национално ниво, има за цел да им даде поголема релевантност на проценките и да им овозможи на организациите на граѓанското општество и медиа активистите во различни земји да евалуираат и да ги споредат своите согледувања директно според декларациите и документите прифатени од нивните влади.

Панелот, вообичаено, се состои од пет до шест членови од медиумите и исто толкав број членови од граѓанското општество. Со тоа се овозможува проценката да не е оставена само на медиумите, кои може да имаат изразено субјективен пристап, туку да се истакнат ставовите и искуствата и на другите информирани граѓани од организации, како што се: универзитетите, синдикатите или групи за женски права. Притоа се води сметка, колку што е можно, да се избере панел каде се застапени и урбани и рурални средини, потоа да има етничка, религиозна и родова застапеност на популацијата на соодветната земја.

На крајот на дискусијата за секој од показателите, панелистите, гласајќи анонимно, доделуваат оценка од единица до петка: ако, според нив, земјата не го исполнува показателот, оценката ќе биде ниска, единица, додека, ако ги исполнува сите аспекти на показателот ќе биде висока, петка, како и други оценки за делумно задоволување на условите на показателот, на пример:

| | |
|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател |

Според концептот на БМБ, планирано е вежбата да се повторува секои две до три години, како што се прави во останатите делови од светот, за да може да се следи развојот на случувањата со текот на времето.

Не е предвидено барометарот да претставува само едноставна вежба за собирање на податоци, туку и да послужи како инструмент за лобирање за промоција на дебата за политички и социјални реформи. На крајот од дводневната сесија, панелистите идентификуваат позитивни и негативни трендови и насоки кои се темелат врз искуства и формулираат препораки за развој во медиумската сфера за наредните години. Балканскиот медиа барометар не е цел сама за себе – не е инструмент кој само собира и презентира корисни информации, туку може да служи како многу практична алатка во напорите и кампањите за медиумски реформи.

Фондацијата „Фридрих Еберт“ само го поддржува овој процес, така што проценките во овој извештај не го одразуваат ставот на Фондацијата.

Фондација „Фридрих Еберт“

# Резиме

Сложените општествени, политички, социјални, културни и економски процеси што го разнебитуваат македонското државно ткиво, неминовно наоѓаат свој одраз и врз негативните трендови што владеат на македонската медиумска сцена.

Големата стапка на невработеност (според некои проценки над 33%), драстичната поделба по политичка и по етничка линија, високиот степен на сиромаштија, тенденциите на политичките елити за целосна контрола на сите општествени текови, како и негативните насоки на меѓународната положба на земјата, не можеа, а да не остават трага и врз консумацијата на едно од основните човекови права: слободата на говорот. Оваа двомилионска држава (за жал Македонија е една од ретките европски земји која не успеа да спроведе попис, па и податоците што тука се наведуваат реферираат на претпоставки или застарени факти) на тој начин успеа да го достигне дното на листите што ги прават Фридом Хаус и Репортери без граници, на пример.

Обидот 11 стручњаци од повеќе области (но сите во блиска врска со медиумската сцена), преку проектот „Балкански медиумски барометар", егзактно да ги проценат сопствените вредносни судови за состојбата во македонскиот медиумски простор, не донесе некакви поинакви или изненадувачки резултати. Општата оценка на медиумскиот простор е едвај доволна (2,2 при оценување од 1 до 5).

Иако кај земјите со вака ниско проценето ниво на слобода можат да се најдат некакви заеднички именители, сепак секоја од нив има свои специфики. Се разбира дека и Македонија тука не е исклучок. Еден од основните проблеми, можеби најакутниот во моментот, беше лоциран во селективното трошење буџетски средства за владини кампањи. Имено, преку буџетска интервенција Владата директно влијае врз медиумскиот пазар, и тоа не како поттикнувач на разнообразно информирање, туку како протектор на медиумите кои, во принцип, се претвораат во пропагандистичка машинерија за владините политики. Од друга страна, овој начин на протежирање ги става во сосема подредена позиција медиумите кои се обидуваат да наметнат сопствен интегритет, односно не да ја следат дневно-политичката агенда на актуелната Влада, туку да се претставаат како самосвојни креатори на јавното мислење.

Во таа смисла, забележителен е трендот на затворање на медиуми, особено на оние традиционалните – електронски и печатени. Со исчезнувањето на медиумите, голем број искусни новинари се оставени

без професионален ангажман, што, пак, го нарушува пазарот на трудот меѓу медиумските работници. Тоа, едноставно, значи дека новинарскиот труд е целосно потценет, што, пак, широко ги отвора вратите кон корупција и непрофесионалност, што натаму води до говор на омраза, дезинформирање и еднострано информирање.

Во услови кога Здружението на новинарите на Македонија повеќе години не успева да го реализира процесот за воведување на систем на саморегулација, а Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници не е во можност да потпише колективен договор во оваа област, најчесто сите проблеми произлезени од професионалниот ангажман и од работниот однос се упатени да се решаваат по судски пат. Иако Македонија ја декриминализира клеветата, и новите решенија во Законот за граѓанска одговорност, со оглед на досегашното искуство со македонското судство, не даваат некаква надеж дека состојбата на овој план во медиумскиот простор ќе се подобри. Напротив. Отсуството на било каква европска практика во „новинарските случаи“ отвора сомневање дека судовите и натаму ќе се користат како дополнителен притисок врз, и онака кревката, слобода на изразување.

Во ваква ситуација, речиси единствениот простор каде што можат да се слушнат поинакви мислења од оние што функционираат како владејачки, е интернетскиот простор. Меѓутоа, забележлива е тенденцијата, преку експресното поставување на дневен ред на новиот Закон за медиуми, Владата да стави капа и врз новите медиуми.

Панелистите детектираа и низа сложени проблеми во јавниот сервис, особено околу несоодветното решавање на неговото финансирање, со што тој ја губи улогата што му е наменета, а се преобразува во најобично владино гласило. Кај останатите телевизии, сé уште е забележлив проблемот со нејасната сопственичка структура и со дозволувањето лидерите на политичките партии (во случајов сите од владејачката коалиција) да бидат сопственици на телевизиски канали.

Беше констатирано дека меѓународната заедница ги отвора своите фондови со цел да се подобри медиумскиот простор, меѓутоа дека голем дел од средствата се трошат за мониторинг на состојбите, а не за нивно квалитативно подобрување, или за вистинско зајакнување на медиумите. Како што еден од дискутантите рече, наскоро ќе има монитори, ама ќе нема што да се мониторира.

Во вака комплексниот медиумски простор не беше ни чудно што панелистите, главно, даваа лоши оценки на показателите, дадени според методологијата на Фондацијата „Фридрих Еберт“. Од четирите оценувани

сектори, највисока оценка доби оној што се однесуваше на законската регулатива во оваа област – 2,8. Имено, иако е констатирано дека Уставот на Република Македонија ги следи меѓународните норми во однос на слободата на изразувањето, сепак, беше забележено дека законските норми не би требало само да бидат декларативни и да ја забрануваат цензурата, туку дека треба да ја поттикнуваат слободата. Од друга страна, како што може да се забележи во практиката, добро напишаните норми секогаш не значат и нивно доследно спроведување.

Другите три сектори што беа оценувани – за дијапазонот на темите и медиумите, за регулативата кај радиодифузерите и за спроведувањето на професионалните стандарди, добијаоцена околу 2.

Забележана беше, речиси, целосната доминација на дневно-политичкиот ангажман на владејачките структури, при што, на пример, вести од внатрешноста се лиферуваат исклучително само ако некој министер се наоѓа во посета на некој град. Истото се однесува и на културата, како и на останатите општествени области. Истакнати беа низа проблеми околу автоцензурата, мешањето на сопствениците во уредувачките политики, а проблематизирани беа и решенијата во Законот за граѓанска одговорност што Владата го предложи во соработка со ЗНМ.

Што се однесува до натамошната стратегија за подобрување на медиумскиот простор, ни тука перспективите не беа розеви. Имено, не се препозна добрата волја на Владата да го регулира буџетското плаќање на сопствените кампањи, а Нацрт-законот за медиуми, се чини, не ги допира најважните прашања во областа што ја регулира, туку претставува обид за натамошно продлабочување на контролата врз медиумскиот простор.

Извештајот што е пред вас претставува одраз на дискусиите на 11 панелисти кои, во рамките на проектот„Балкански медиумски барометар“, организиран од Фондацијата „Фридрих Еберт“и НВО „Јавност“(Охрид, 12-14 април 2013 година) дебатираа на овие теми. Тој е израз на мислењето на мнозинството панелисти, но не ги одразува нужно и нивните поединечни мислења.

# СЕКТОР 1

## Слободата на изразување, вклучувајќи ја и слободата на медиумите, ефективно е заштитена и промовирана

# Слободата на изразување, вклучувајќи ја и слободата на медиумите, ефективно е заштитена и промовирана

## 1.1. Слободата на изразувањето, вклучително и слободата на медиумите, е загарантирана со Уставот и поддржана со други закони.

Уставот на Република Македонија од 1991 година многу категорично се изјаснува по прашањата за слободата на изразувањето и на медиумите и децидирано застанува во одбрана на тие права, генерално како и во однос на повеќе конкретни аспекти на оваа материја.

Веќе во преамбулата стои дека со Уставот на Република Македонија „се гарантираат човековите права и слободи" како општа категорија во која, се подразбира, спаѓаат и правата на слобода на изразувањето, информирањето и медиумите.

Во член 8 се утврдува дека темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:

„Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот".

Од овој член произлегува дека во однос на слободата на изразувањето и на медиумите во Македонија важат и одредбите од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и преку нејзините протоколи директно се применува во Република Македонија.

Членот 16 од Уставот во целост е посветен на регулирање на оваа материја. Во овој член се вели:

„Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата".

Во став два на истиот член се вели дека со Уставот „се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање". Исто така, во истиот член 16 „се гарантира слободниот пристап до информации, слободата на примање и пренесување на информации", како и „правото на одговор во средствата за јавно информирање". Конечно, „се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање", како и „правото на заштита на изворот на информирањето".

Членот 16 изречно ја забранува цензурата.

Законот за радиодифузија тангира важни аспекти на слободата на медиумите и изразувањето, во принцип е позитивен, но проблем се

интерпретациите на одредбите и партиско-политичките интервенции во контролните механизми (членови на Советот) кои ги нарушуваат тие права.
Законот за граѓанската одговорност за навреда и клевета, во член 2:
„Ги гарантира слободата на информирањето и изразувањето како една од битните основи на демократското општество“.
Република Македонија нема посебен закон за медиуми со кој би се гарантирала или би се ограничувала слободата на изразувањето и на медиумите. Во тек е процедурата околу донесувањето на еден ваков акт. Првичните анализи говорат дека зад општите декларации во однос на слободата, се внесуваат многу формулации кои, ако бидат усвоени, ќе им дадат многу арбитрарни права на извршните органи да интервенираат во областа на медиумите врз основа на рестриктивни принципи.
Декриминализирана е клеветата во директни преговори меѓу Владата и Здружението на новинарите, но процедурите и нормативите за граѓанските постапки се прескапи, ги опфаќаат и уредниците и сопствениците на медиумите, но тие, може да се каже позитивни интенции, во праксата резултираат со меѓусебни односи кои вршат притисок и, де факто, ги ограничуваат слободата и правата во областа на медиумите. Бројните судски процеси што се водат и висината на казните што се изрекуваат, се во драматичен несклад со социјалниот статус на новинарите и на медиумите.
Актуелната нормативната рамка (без новиот Закон за медиуми, кој е во процедура) е позитивна од аспект на слободата на медиумите и на изразувањето, но во спроведувањето на уставните одредби и на законските акти се јавуваат многу начини слободата и правата да се ограничат најчесто со политички интервенции, во корелација со финансиските ограничувања или стимулации што ги диктира Владата преку алокацијата на огромните средства за реклама. Македонија е пренагласено партиски доминирана во сите сфери, па така и во економијата и во медиумите и во таа доминација често пати законските решенија и уставните постулати во оваа област се игнорираат, или директно или индиректно се кршат.
Нормативната рамка не треба да се сфати позитивистички, туку како таа дејствува врз демократскиот амбиент.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | ✓ | | ✓ | | ✓ | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | ✓ | ✓ | | | | | | ✓ | | ✓ | ✓ |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | ✓ | ✓ | | ✓ | | | | | |

**Просечен резултат:** **4**

## 1.2. Правото на слобода на изразувањето се практикува и граѓаните, заедно со новинарите, ги остваруваат своите права без стравување

Постои сериозна дискрапанца меѓу нормативните решенија и другите формални аспекти на слободата, како што се бројноста на медиумите, особено интернетските и телевизиските, невладините организации кои се трудат да ги поттикнуваат слободата и правата, квантитативното богатство од информации што граѓаните ги имаат на располагање секој ден и во безброј форми и реалното ниво на правата и слободите и на граѓаните и на новинарите и медиумите.

Извештаите на Фридом Хаус и Репортери без граници, како и бројни документи и реакции на Европската комисија, покажуваат дека Македонија регресира според критериумите на слободата и правата во сферата на медиумите. Здружението на новинарите не еднаш го има констатирано истото, Независниот синдикат на новинарите, исто така, бројни невладини организации и институти регистрираат бројни нарушувања на овој план.

Македонија се соочува со два навидум спротивставени процеси. На една страна имаме експлозија на медиуми, особено во интернетската сфера, кои заедно со социјалните мрежи кои се претвораат во интересен супститут на класичните мрежи, нудат, речиси, неподносливи количества информации и слобода тие да се пласираат, но од друга страна, таа хиперинфлација во стварноста се претвора во дискфункционална слобода, односно во слобода која го ограничува правото на релеванти информации и, по таа линија, правото на слобода. Тоа, се разбира, е комбинирано со врвниот арбитер на политичко-партиската доминација преку монополизација и злоупотреби на извршните и институционалните ресурси на државата, да се врши контрола и притисок врз медиумите со идеја да се задуши нивната слобода и нивните права, нивната улога во едно демократско општество и тие да се претворат во сервис на политиката, специјално на власта. Атомизацијата на општеството, и специјално на медиумите и на информациите, се претвора во средство за ограничување и контрола, а не на слободата.

Генерална е оценката дека општата политика на власта (производство на нов национален и општествен идентитет) и посебно нејзината политика во медиумите,строго се инструментални и се стремат кон максимално сериозни деформации, контрола и инструментализации.

Во таа насока говори затворањето на многу медиуми, големата бројност на новинарите кои останаа без работа, стимулирањето на ниски стандарди, и слично. Врв на демонстрацијата на таквите политики беше исфрлањето на новинарите од Собранието, со директна полициска интервенција.

Основниот инструмент кој ја одредува ситуацијата во медиумите, освен општата политика на власта, се нејзините буџестки ресурси кои ги дислоцира во кои медиуми сака и на тој начин ја одредува општата слика и ја стимулира поданичката култура, наместо слободата, а преку доминантната улога во економскиот сектор учествува и

во насочувањето на маркетиншкиот колач на економските субјекти врз основа на принципите кои самата ги промовира.
Стопанските субјекти се плашат да рекламираат во медиуми кои власта ги означила како проблематични, затоа што се плашат дека на тој начин ќе го хендикепираат својот бизнис. Од друга страна, граѓаните и јавноста се плашат слободно да ги искажуваат своите ставови. Нивните работни места или работните места и социјалниот статус на нивните роднини и пријатели зависат од реакцијата на власта било да работат во администрацијата или во некоја компанија која, на еден или друг начин, работи со државата, односно со власта. Критичката мисла е умрена. Се разбира, оставени се новинари и поединци кои критикуваат или јавноста која полуанонимно се огласува на социјалните мрежи, но само како доказ дека сé е под контрола на власта.
Се разбира, постојат медиуми кои негуваат критичка мисла, некои од нив, помалку или повеќе, се блиски до опозицијата, некои добиваат помош од Институтот отворено општество, од некои надворешни донации, но општо земено, сцената е тотално деформирана, балансот е комплетно нарушен.
Втор аспект на слободата доаѓа од етничката поделеност. За исти ситуации и настани или личности имаме драматично различни видувања на медиумите на Албанците во Македонија и на медиумите на македонски јазик. Многу често се добива впечаток дека слободата и правата тука се доминирани од етничката припадност на медиумот и на новинарот, како што во првиот случај беше поделбата по партиска линија. Општиот амбиент не е добар во однос на конзумацијата на правата и слободите. Од друга страна, слободата не може да се користи неконтролирано, туку мора да има стандарди и обука за конзумација на слободата во медиумите. Мора да се покачат професионалните стандарди, тие денеска се под секое ниво. Политиката има интерес за намалување на новинарските стандарди, но и голем број од медиумите и новинарите на еден апсурден начин најдоа своја шанса во намалувањето на стандардите.
Имавме 170 кривични пријави пред измената на Законот, а сега ги имаме 130. Имаме многу критериуми каква е слободата на медиумското дејствување. Еден од нив е користењето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Статистиката покажува дека оние што се должни да одговорат, тоа го прават само во 20 до 30% случаи. А само 5% беа одговори какви што се барани. Ова го истражуваше „Транспарентност Македонија“.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 Земјата не го исполнува овој показател | | ✓ | ✓ | | ✓ | | | ✓ | | ✓ | |
| 2 Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ |
| 3 Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | | | | |
| 4 Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,6**

## 1.3. Нема закони кои ја ограничуваат слободата на изразувањето, како што се претераните службени тајни, законите на клевета или законите кои нерационално се мешаат во одговорноста на медиумите

Новиот Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда, во членот 2 ги постулира следните ограничувања:
„Ограничувањата на слободите на изразувањето и информирањето законски се уредуваат со определување на стриктни услови за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во согласност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (член 10) и практиката на Европскиот суд за човекови права, при што се потенцира предноста на европското законодавство и пракса ако со домашните правни инструменти некое прашање не може да се реши". Во член 4 се утврдува дека во постапката се применуваат и одредбите од Законот за облигации, Законот за парнична постапка и Законот за извршување.
Законот за граѓанска одговорност е проблематичен од три аспекта. Прво, тојќесе спроведува во услови на сериозна доминација на извршната власт над судската, при што новинарите имаат основа да се сомневаат во правноста на постапките. Второ,висината на казните (до 2.000€ за новинар, до 10.000€ за уредник и до 15.000€ за правно лице) не соодветствуваат на социјалната и финансискаслика на медиумите и на нивните вработени. И трето, се утврдува верижна одговорност, што веднаш предизвика сериозни проблеми во медиумите. Уредниците одбиваат да печатат или да објавуваат материјали, сопствениците на медиумите бараат гаранции од новинарите за нивните емисии и прилози пред да ги објават, и на тој начин се доби сериозна блокада која, постојат сите изгледи за тоа, во иднина уште повеќе ќе се продлабочува. Така, го имаме примерот со емисијата „Код" на Снежана Лупевска која не може да оди додека авторката не гарантира дека таа ќе ги плати и евентуалните казни задругите алки во веригата на одговорност; така се проблематизира и познатиот серијал„К-15", некои сопственици на портали и уредници се пред донесување на одлука да се откажат од медиумите и од функциите.
Има мислења дека таа командна одговорност има и добри аспекти затоа што сега уредниците и газдите нема да можат да ги тераат новинарите да пишуваат лаги и клевети или непроверени информации, но од друга страна, пак, уредниците и сопствениците ќе се претворат во безгранични проверувачи на фактите.
Така, всушност, една добра идеја, да се утврди и да се процесуира граѓанска одговорност за навреда и клевета, се претвора во сериозно ограничување на правата и слободите. Во услови на доминирано

судство, не е обезбеден рамноправен процесен третман на новинарите. На тоа треба да се додаде дека во медиумската сфера навистина има многу сериозен пад на стандардите и дека врз таа основа, како и врз основа на политичката инструментализација имаме нарушувања на правата на луѓето од јавната сфера, на функционери и јавни работници, но впечаток е дека до решавање на овие прашање не може да се дојде со рестрикции од овој вид, туку со демократизирање и култивирање на општата атмосфера, со подобрување на социјалниот статус и образовното ниво нановинарите, и слично.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | ✓ | | | ✓ | | | | | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат: 2,1**

## 1.4. Владата ги прави сите напори да ги почитува регионалните и меѓународните инструменти за слободата на изразувањето и медиумите

Оценките на релевантни меѓународни инстанци, како што се извештаите на Европската комисија и другите периодични оценки од Брисел, потоа оценките на Фридом Хаус и Репортери без граници, како и достадомашни реакции, покажува дека Владата не се труди да ги почитува регионалните и меѓународните стандарди во областа на изразувањето и медиумите. Обратно, таа врши деформација на тие стандарди било преку проблематичните критериуми на генералната политика и општите состојби, било преку директното влијание врз медиумите преку своите законодавни иницијативи и преку своите финансиски ресурси, како и на други начини.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | ✓ | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1, 1**

## 1.5. Печатените публикации не треба да добиваат дозвола за објавување од страна на државните органи

Во Република Македонија нема ограничувања од овој вид. Никој нема потреба да бара какви било специјални дозволи од државните органи. Само треба да се мине ЦИП регистрацијата за библиотеките.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | ✓ | | | ✓ | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |

**Просечен резултат:** **4,8**

## 1.6. Започнувањето и практикувањето на новинарската професија се неограничени според законот

Започнувањето и практикувањето на новинарската професија не се ограничени со закон. Не се потребни никакви дозволи или лиценци, било какво посредување надржавните инстанци меѓу пазарот на трудот и новинарските организации.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | ✓ | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ |

**Просечен резултат: 4,7**

## 1.7. Доверливите извори на информации се заштитени со закон и/или со судови

Во член 16 од Уставот на Република Македонија „се гарантира правото на заштита на изворот на информации во средствата за јавно информирање“.

Во член 12 од Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда се утврдува дека „од тужениот новинар, или од друго физичко лице кое врши дејностнаинформирање на јавноста,во постапката за утврдување на граѓанска одговорност на клевета и навреда не може да се бара да го открие својот таен извор на информации за фактите кои е должен да ги докажува“.

Во став два од истиот член стои: „судот може да побара од тужениот да открие релевантни информации заради утврдување на вистинитоста на објавената информација без идентификување на изворот на информациите“, а во став три од истиот член стои дека „одбивањето на тужениот да го открие изворот на информации не може да сеземе како негово признавање на вината или да се извлекува заклучок дека не ја докажал вистинитоста нафактите или основаноста наверувањето во нивната вистинитост“.

Судската пракса во врска со ова покажува дека одредбите од овој член на Законот, како и уставните решенија, се почитуваат, но од друга страна, заштитата на доверливите извори на информации често пати нема битно влијание врз процесот, така што изворите остануваат заштитени, а новинарите казнети, со впечаток дека не се почитуваат строго одредбите од став два и три од член 12 на Законот за граѓанска одговорност.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | ✓ | ✓ | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | ✓ |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | | | ✓ | | | | ✓ | |

**Просечен резултат: 3,7**

## 1.8. Јавните информации лесно се достапни до сите граѓани и се загарантирани со закон

Формално не се ограничени, освен во законски утврдените случаи, но во практиката имаме неколку групи проблеми.

Прво, изигрување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер од страна на извршната власт, пред сé. Само 20 до 30% се добиваат повратни информации од вкупниот број барања, а само 5% се релевантни.

Второ, Македонија живее во манипулирано и манипулативно општество во кое не се важни фактите туку политичко-медиумските интерпретации, при што се создава општа конфузија.

Трето, многу релевантни податоци во државата не постојат или се подложни на тешки арбитражи. Не го знаеме бројното салдо и составот на населението и сите елементи што можат да се утврдат со попис, што кај нас не е спроведен по политички интервенции и со политичко-опортунистички мотиви. Никој не ја кажува вистината за задолженоста на земјата, внатрешна и надворешна, и многу други работи, немаме никакви информации околу преговорите за името.

Четврто, бројноста на информациите во хипертрофираниот медиумски сектор, всушност, ја ограничува достапноста на релевантните информации и луѓето се хендикепирани во процесите на донесување на своите одлуки.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | | | ✓ | | | | | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | ✓ | | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | ✓ | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,7**

## 1.9. Веб страниците и блоговите не мора да се регистрираат, ниту да добијат дозвола од државните органи

Веб страниците не мора да се регистрираат, ако немаат македонски домејн. Регистрацијата порано беше кај МАРнет (Македонска академска истражувачка мрежа, Macedonian Academic Research Network), која беше при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, а сега е при Министерството за информатичко општество. Тоа укажува на еден тренд кој се стреми кон контрола. Тоа уште појасно ќе го покаже новиот Закон за медиумите, ако биде усвоен во сегашниот формат.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | ✓ | | ✓ | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | ✓ | | ✓ | | ✓ | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | ✓ |

**Просечен резултат:** **4,2**

## 1.10. Државата не се стреми да ја блокира или филтрира интернетската содржина, освен ако со закон не се наложуваат ограничувања кои му служат на легитимниот интерес и му се потребни на демократското општество

Има тенденција, која интернетската заедница сé уште ја нема доведено во ситуација на посериозни блокади и филтрирања, но некои содржини се симнуваат, некои сајтови повремено се блокираат, законската регулатива оди во правец на рестрикции, а не на ослободување, се јавуваат партискистимулирани хакери и други корисници на мрежата, разни диригирани коментатори на разни текстови, особено на анализите, коментарите и колумните, и сл.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | ✓ | | ✓ | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат: 1,4**

## 1.11. Цивилното општество, генерално гледано и медиумските лобистички групи, активно ги унапредуваат медиумските слободи

Има позитивни позиционирања на цивилното општество и на неговите односи со медиумската сфера. Тие се однесуваат на битката за подобро законско регулирање на материјата, на подобрување на стандардите, во мониторингот, во пласирање на разни истражувања и материјали од невладиниот сектор. Тука е и активноста на Здружението на новинарите, на Самостојниот синдикат,со одреден ентузијазам, со сите слабости што нивната активност ги пројавува. Преку активноста на невладиниот секор се спречи брзото донесување на новиот Закон за медиуми, кај нив е битно тоа дека се поотпорни од медиумите, делумно и поради независните извори за финансирање. Но, сепак, мора да се појде од сознанието и од ставот дека ситуацијата во медиумската сфера континуирано се влошува. Тоа значи дека во невладиниот сектор постојат, како и во медиумите, одредени структурни проблеми, тие проблеми не произлегуваат од недостатокот на активност, туку од моќта да се влијае.

Интервенциите кои доаѓаат од страна на наворешни донаторски фондации доминантно се насочени кон невладиниот сектор, кон мониторирање на медиумите, кон зајакнување на медиумските институции, а помалку, значително помалку, кон самите медиуми. Невладиниот сектор ги лоцира симптомите, но не е моќен да покрене решенија.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | ✓ | | | | | | ✓ | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | | | ✓ | ✓ |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | ✓ | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | ✓ | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | ✓ | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **2,5**

## 1.12. Медиумските закони настануваат после квалитетни консултации меѓу државните институции, граѓаните и интересовните групи

Формално се спроведуваат консултации, но тие се применуваат како формално покритие на власта, која, во меѓувреме, строго инсистира на своите решенија. Важен е квалитетот на консултациите, дали се почитуваат партнерите, нивните ставови и интереси и врз основа на тоа дали се оди кон заедничко решение кое ќе ги подобри состојбите во областа, а не дали се прави од консултациите потемкиново село за парадите на власта. Во Република Македонија, многу често го сведочиме вториот случај. Да речеме, во преговоритеза декриминализација на клеветата, Владата ја претставуваше, освен министерката за евроинтеграции и министерката за внатрешни работи, што беше една многу лоша порака.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | ✓ | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,2**

**Просечен резултат за Сектор 1:** **2,8**

# СЕКТОР 2

## Медиумското опкружување, кое вклучува и нови медиуми, го карактеризира: разновидност, независност и одржливост

# Медиумското опкружување, кое вклучува и нови медиуми, го карактеризира: разновидност, независност и одржливост

## 2.1. Широк спектар на информации (печат, радио и телевизија, Интернет) е достапен и граѓаните можат да си ги дозволат

Присутните на дебатата се согласни со тоа дека во земјата постојат голем број радио и телевизиски станици, дека бројот на дневни весници е во пад, а дека Интернетот е присутен и се користи од популацијата. Факт е дека недостасуваат печатници за квалитетни весници (ги има две) и дека дистрибутивната мрежа, практично, е монополизирана. Нема доволно продажни места за весници и списанија и таа дејност сé помалку се исплатува. Појавата на една алка на продажни места (Тобако) ги згасна малите, маалски продавници, а кога се ликвидира и големата алка, купувачите останаа без продавници за весници. По селата нема продажен простор за вакви производи.

Една алка на супермаркети (Тинекс), пак, не дозволи дистрибуција на еден неделник и дневен весник (Фокус) со опозициска политичка определба и тоа, секако, е своевиден скандал и израз на гушење на слободите и правата на граѓаните. Дигитализацијата како процес отвори „апетити" телевизиските станици за себе да си резервираат преголем број „свои" канали, но се забележува неодржливост на толкавиот број ваков вид медиуми - само Битола има пет регионални телевизии. Тоа е оценето како политика за намерно полнење на етерот со своја програма, обично провладина, за да нема пристап политичката конкуренција до радиодифузниот простор.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | | | | | ✓ | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | ✓ | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | ✓ | | ✓ | | | | ✓ | | | | ✓ |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | ✓ | |

**Просечен резултат:** **3**

## 2.2. Пристапот на граѓаните до домашни и меѓународни медиуми не е ограничен од страна на државните органи

Во однос на ова прашање преовладува ставот дека пристапот не е ограничен, иако се наведени примери на вакви ограничувања. Беше нагласен примеротна една албанска телевизија (Алб ТВ), која добила потребни дозволи и формирала екипа,но сепак, била спречена да проработи.

Исто така, беа изоставени програми од регионот кои одеа преку кабелскитемрежи и кои беа најгледани, како Хрватската телевизија(ХТВ) или хрватската Нова. Проблемот не е едноставен и е поврзан со авторските права и нивната заштита, ама кај гледачите остана горчлив вкус дека некој им го одзел она што навистина е квалитетно.

Посебен проблем е што во големата понуда кај радиодифузерите постои силна јазична бариера. Државата треба да се посвети на тоа и да одвои средства за преведување на таа програма. Само една албанска телевизиска станица (Алсат М) негува двојазична програма (овозможува директен превод на програмата на јазикот на другиот).Постои тивка индолентност во однос на овој проблем. Оценка е дека тоа не е одраз на здраво општество. Политичките елити никогаш не го отвориле ова прашање и заткулисноја блокираат оваа тема.

Локалните станици не се поддржаниод државата, напротив таа стори сé за да ги згасне. Законот со кој се утврдува местото и начинот на функционирање на локалните радио-телевизии е менуван четири пати, без да се отвори јавна расправа, главно со цел државата да ги преземе објектите, а информирањето да го згасне. Локалното информирање, со мали исклучоци,е концентрирано на центарот на државата, на Скопје.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | ✓ | ✓ | | ✓ | | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | ✓ | ✓ | | | | | | | ✓ | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | ✓ | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | ✓ | | | ✓ | | | | | ✓ | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат: 2,3**

## 2.3. Се прават обиди за зголемување на тиражите, особено во руралните средини

Опстанокот на пишуваните медиуми е доведен под прашање, пазарот сега има само неколку дневни весници на македонски, два на албански. Став на собирот е дека Владата врши селективно укинување на пишуваните медиуми,така што не може да стане збор за било какво помагање на дистрибуирањето на печатот. Иако преовладеа мислењето дека Владата може ова „да го протурка", само доколку за тоа има волја.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1**

## 2.4. Соодветните закони/прописи за конкуренција се стремат да ја спречат медиумската концентрација и монополите

Кај електронските медиуми постои законска одредба за тоа, ама во праксата не се дејствуваше на вистински начин за да се спречи оваа појава, особено концентрацијата на сопственоста на медиумите во рацете на лица - носители со политички (јавни) функции.

Беше посочено дека во однос на пишуваните медиуми нема специјален закон, но во одредби од повеќе закони можат да се најдат регулативи за таа тема (Закон за заштита на конкуренцијата, Закон за спречување на конфликт на интереси...). Во практиката имало ситуација кога судовите се повикувале на тие прописи, но тоа, сепак, не се сосема доречени прописи. Дури на барање на странскиот фактор, насочен кон средување на односите во медиумите, Советот за радиодифузија поостро се постави во однос на ова прашање, па некои сопственици се откажаа од својата функција, а некои ја предадоа сопственоста во други раце. Во таа насока беа споменати примерите со телевизиите Канал 5, Сител и радиото Канал 77.

Присутните забележаа дека во таквата поставеност на политизација на сопственицштвото над медиумите, од стартот имало намера и дека оттаму и имало отпор кон прифаќањето на промените. Еден коментар одеше и во насока на тоа дека постоел дури и концепт секоја помоќна партија да има барем по една своја телевизија.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | ✓ | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | ✓ | | | | | ✓ |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | | | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | ✓ | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **2,7**

# 2.5. Владата промовира разновидно медиумско опкружување со економско одржливи и независни медиумски компании

Присутните заклучија дека власта не се труди ниту да глуми дека подеднакво ги поддржува сите медиуми, иако издвојува големи пари преку реклами за да ги поддржи медиумите кои ú се наклонети. Всушност, во регионот не е забележано толкаво издвојување пари за поддршка на медиуми низ различни форми, пред сé за рекламирање на владини проекти, но тие се доделуваат селективно и, главно, нетранспарентно.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1**

## 2.6. Сите медиуми правично ги одразуваат ставовите и на мажите и на жените

Земјата во текот на 2010-2011 година имплементирала низа антидискриминациони, европски правила и стандарди, но нивната примена во реалноста е сосема друго прашање. Треба да се респектира и фактот дека Македонија била и дел од систем што внимавал на меѓуполовата еднаквост, како и дека во 60-тите години на минатиот век таа свест расте во општеството. Во редакциите доминираат жени, иако жени-уредници и жени-сопственици на медиуми се многу малку.

Генерално, мачоизмот е во повлекување, ама има забелешки на ставот на државата кон традиционалните „вредности“, кои значат враќање назад за многу децении и кои ја сместуваат жената во некои вкалапени, а еднаш надминати вредности! Се говореше за „силување“ со владините кампањи за трето дете или за идентификацијата на жената што абортирала, со убиец, и слично. Тоа се силни државни механизми и средства што ја маргинализираат жената во општеството. Постои една клима во која современата жена и не може да рече „не“, бидејќи кампањите се градени „мајсторски“, силно се потпираат врз медиумите кои добиваат големи пари за ова, а тие, пак, се потпираат врз евтино и лесно купување на јавното мислење, за сметка на овој вид конзервативизам.

Албанските жени, се констатираше од присутните, сé уште подискриминирани од македонските и нивната улога се сведува на обично тело што овозможува репродукција на населението.

Беше забележано дека медиумите со голем елан ја поддржуваат општествената регресија, која во општеството оди до таму, што и меѓу коњите од споменициите кои многу се поставуваат во последно време, нема - кобили!

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | ✓ | | ✓ | | | ✓ | | ✓ | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | ✓ | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | ✓ | | | | | ✓ | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | ✓ | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | ✓ | | | | | |

**Просечен резултат: 2,3**

## 2.7. Сите медиуми правично ги одразуваат ставовите на општеството во неговата: етничка, јазична, верска, политичка и социјална еднаквост

Форумот во однос на меѓунационалните односи констатираше дека на сцена се подолго време ретроградни процеси и дека степенот на блискот што постоела меѓу етничките заедници еродира, а медиумите само го регистрираат тој тренд. Има малку, или многу малку прилози што се проактивни во однос на добрите односи, онаму каде што,секако, постојат. Албанските и македонските редакции се „неми и глуви“ за „оние другите“.
Албанските партии не присуствуваат на политичките дебати за локалните избори на македонските телевизиски станици, и обратно. Тоа јасно укажува на длабочината на меѓусебната изолација.
Во однос на присутноста на политичките опции и партии, исто така, постои силна редукција на гласот на опозицијата. Беа изнесени, на пример, податоци дека дневникот на приватната телевизија Сител,дури 92% од времето го посветува на Владата и владејачката партија и нивните активности, а телевизиската станица Алфа, 52,7%. Притоа,Сител е телевизија која поради телевизиските серии има највисока гледаност. Во земјата, инаку,поради потребата да постои мултиетничка застапеност, првиот јавен канал е на македонски јазик, вториот на јазиците на народностите, а третиот е собраниски. Постоела опција да се преслика словенечкиот модел, по кој првиот канал е канал на власта, а вториот е на опозицијата,но таа замисла не е реализирана.
Во однос на ова прашање, отфрлена е можноста, поради преголемата политизација и поделеност на населението, да се примени германскиот или скандинавскиот модел во однос на воздржаниот став на медиумите кон партиите, нивната подеднаква оддалеченост од центрите на политичка моќ. Згора, нашите медиуми функционираат во миг кога имаме силна автократска власт.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | ✓ |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | ✓ | | | | ✓ | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,9**

## 2.8. Земјата има кохерентна политика кон ИКТ, што има за цел да ги исполни потребите на сите граѓани за информации, вклучувајќи гии маргинализираните заедници

Во однос на оваа тема беше речено дека се прават пионерски зафати во однос на користење на Брајовата азбука за читање на содржини од Интернет, какои за помош на слепите или слабовиди лица, во користење на информатичката технологија. Овие напори се зголемуваат,главно, во време пред политички избори.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | ✓ | | | | | | ✓ | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | ✓ | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | | ✓ | | ✓ |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **2,1**

## 2.9. Владата не ја користи својата моќ во пласманот на рекламите како средство за мешање во уредувачката содржина

Присутните не сакаа да отворат дискусија по оваа тема, за која рекоа дека постои едногласност - Владата ја користи сета своја моќ за да се меша во уредувачката политика на медиумите.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1**

## 2.10. Рекламниот пазар е доволно голем за да поддржи разновидност на медиумските куќи

Најпрвин беше констатирано дека во однос на моќта на рекламниот пазар постои преголем број медиуми и дека сите тие опстојуваат со помош на кадровски и технолошки минимум.

Потоа се констатираше дека некои од нив се презадолжени,а дека многу медиуми - пред сé неделниците, сега и дневните весници, гаснат,поради фактот дека компаниите не даваат доволно реклами или не даваат кон оние весници и електронски медиуми кои се опозиционо настроени. На пример, се констатираше дека неделникот Граѓанскипрестанал да излегува токму заради откажувањетона главните спонзори, кои сигурно имале свои „сметки“ за овој чин, а слично претходно се случувало и со неделникот Глобус.

Некои пресметки за покренување на медиуми започнуваат со наивно сфаќање дека со власта може да се „игра“ на „ситна добивка“, за потоа да бидат вклештени во нејзините „прегратки“.

Се изнесе податок дека компаниите даваат по 50 милиони долари годишно на реклами во медиумите, дека државата троши од буџетските пари околу 15 милиони долари (ова се податоци од 2010 година), односно дека по глава на жител за реклами на медиумите во Македонија одат по 20,5$, а дека во една Романија таа бројка е само 11$ по жител! Во исто време, во една Словенија, која има ист бројнаселение, а помалку медиуми, се троши по 40$ по глава на жител на медиумски реклами. Заради несразмерното рекламирање, некои компании станаа вистински профитери. Така, ТВ Сител има профит по завршна сметка за 2011 година од 11 милиони евра профит, а ТВ Канал 5 - седум милиони евра. Државата троши околу 1% од БДП за пропаганда.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | ✓ | ✓ | | | ✓ | | | ✓ | | ✓ |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,8**

**Просечен резултат за Сектор 2:** **1,9**

# СЕКТОР 3

## Регулирањето на Радиото и Телевизијата е транспарентно и независно; државната Радио и Телевизија е трансформирана во вистинска Радио и Телевизија

# Регулирањето на Радиото и Телевизијата е транспарентно и независно; државната Радио и Телевизија е трансформирана во вистинска Радио и Телевизија

## 3.1. Законите за Радио и Телевизија се усвоени и се спроведуваат така што овозможуваат поволно опкружување за јавно, комерцијално и локално емитување

Либерализацијата и сопственичката трансформација кај електронските медиуми во Македонија започна во 1993 година без донесување на законска регулатива и без постоење на регулаторни тела. Тоа резултираше со формирање на голем број приватни телевизии и радиостаници, кои се основаа и функционираа како трговски друштва. Појавата на огромен број телевизии и радиостаници доведе до голема конкуренција кај електронските медиуми, што имаше позитивни страни – пред сé заради програмската разновидност, но во раните 90-ти од минатиот век беа забележани и многу неправилности – непочитување на авторските права, емитување на програми со лош квалитет, појава на пиратерија, итн. Сето тоа имаше негативни последици врз јавниот дифузер, Македонската радио и телевизија, која се најде во незавидна позиција, главно од две причини – таа беше соочена со нелојална конкуренција, а истовремено, се судираше со големи финансиски проблеми заради неможноста да ја наплаќа радиодифузната такса.
Законот за радиодифузна дејност беше донесен во 1997 година и со него се постигнаа неколку цели – беше извршена регулација во областа на електронските медиуми, беше формиран Советот за радиодифузија и беше одредена законската рамка за трансформација на Македонската радио и телевизија (МРТВ). Со Законот од 1997 се предвиде и една новина – радиодифузната такса, која беше предмет на евазија, требаше да се плаќа со сметките за електрична енергија, но тоа никогаш практично не заживеа. Неможноста да се обезбедат сигурни и доволни извори на средства за финансирање на јавниот сервис ја продлабочи кризата во МРТВ, која трае, речиси, две децении. Така, МРТВ се соочи со техничко и технолошко заостанување, со осиромашување на програмските содржини и со кадровско осипување. Токму заради овие проблеми, во 2005 година беше донесен нов Закон за радиодифузна дејност, кој предвиде радиодифузната такса да се плаќа како јавна давачка. Но, и со новиот Закон, финансиските тешкотии на МРТВ не беа решени. Така, јавниот сервис беше принуден да функционира, главно, со буџетски средства, кои беа недоволни за техничко опремување и за подигање

на квалитетот на програмата. На тој начин, МРТВ стана премногу зависна од политиката, бидејќи Собранието, или уште поточно – Владата, секоја година требаше да решаваат колку средства ќе му одобрат на јавниот сервис за покривање на огромните загуби и за нормално функционирање. Финансиската зависност на МРТВ од власта беше константна речиси дваесет години. Тоа е главната причина зошто јавниот сервис, по правило, имаше благонаклон, некритички или навивачки однос кон власта. Но, во последните 6-7 години, овие слабости на јавниот сервис трансмутираа во, речиси, поданички однос на МРТВкон власта. Денес, на МРТВ ú се забележува дека е целосно партизирана и дека се претвори во пропагандно гласило на власта. И покрај постојаните критики од јавноста и од меѓународниот фактор, Владата не презема никакви практични мерки за трансформација на МРТВ во вистински јавен сервис.
Законите за радио-телевизија се донесени и тие, формално гледано, се добри. Дури може да се забележи дека во Македонија постои хиперрегулација на телевизискиот простор. Но, она што загрижува е фактот дека со МРТВ, практично, управува владејачката партија и таа се претвори во партиско - пропаганден сервис. Едно такво грубо кршење на законот, на пример, е практиката МРТВ бесплатно да емитува програма на владејачката партија за време на изборите.
На панелот, на власта ú се забележа дека настојуваше и успеа да ги затвори локалните радиодифузери од јавно значење. Законот за радиодифузна дејност од 2005 година предвидуваше трансформација на овие локални медиуми во трговски друштва. Но, Министерството за економија, кое беше надлежно, не покажа минимум интерес и тие останаа нетрансферирани, бидејќи, едноставно, се најдоа - ниту на земја, ниту на небо. Членот 143 од Законот четири пати се менуваше и тоа целосно нетранспарентно, поради што ниту еден од локалните медиуми не можеше да ги знае измените. Оттука, дури 29 локални радиодифузери не можеа да се најдат во тие измени, па еден, по еден, беа ликвидирани! Со тоа, власта покажа дека не сака да постои радиодифузна локална мрежа.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | ✓ | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **2,2**

## 3.2. Радиото и телевизијата ги регулира независно тело кое со закон е соодветно заштитено од мешање, чиј избор се именува - на отворен начин - при што е вклучено цивилното општество - а не е под доминација на било која политичка партија

Советот за радиодифузија (СРД) беше формиран 1997 година со првиот Закон за радиодифузната дејност, а започна со работа во септември истата година. Советот за радиодифузија, според Законот, е независно регулаторно непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност. При остварувањето на своите надлежности, кои се утврдени со Законот за радиодифузната дејност, СРД се грижи за обезбедување на слободата и плурализмот во изразувањето, за постоењето разновидни, независни и самостојни медиуми, за економски и технолошки развој на дејноста и за заштита на интересите на граѓаните во радиодифузната дејност. Од 1997 година наваму, од кога постои, Советот за радиодифузија има легална рамка на дејствување и од формална страна, неговата работа може да се оцени како добра. Во изминатите години се водеше сметка да има претставници на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), Македонската академија на науки и уметности (МАНУ), итн., а се внимаваше членовите на СРД да не се членови на партии. Но, оваа владејачка гарнитура направи брзи и големи измени во бројот на членовите, во составот и во начинот на кој се регрутираат членовите. Сега, Советот има шест членови повеќе, со кои се обезбеди партиска доминација над СРД.
Повеќето учесници на панелот истакнаа дека Советот за радиодифузија има добра служба, што ја следи и ја подготвува неговата работа. Од таа служба можат да се добијат корисни податоци за радиодифузерите (слушаност, гледаност, сопственништво), се прави релевантен мониторинг. При Локалните избори во 2013 година се покажа и се укажа на тоа кои телевизии ги прекршиле правилата и тие беа казнети. Но, и покрај тоа што службите работат солидно и професионално, учесниците на панелот сметаат дека ова регулаторно тело не е целосно независно, пред сé заради доминацијата на членови во Советот избрани од страна на власта.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | ✓ | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,1**

## 3.3. Телото регулира радио и телевизиски сервиси и лиценци од јавен интерес и осигурува правичност и разновидност на гледишта кои широко го претставуваат општеството во целина

Советот за радиодифузија има големи законски овластувања и, формално гледано, би требало да дејствува доколку констатира нивно непочитување. Но, во практиката не е секогаш така. Советот е активен и доследен, посебно во извршување на задачата на мониторинг, за што говорат и многуте прекршочни пријави против некои телевизии. Сепак, учесниците на панелот му забележуваат на Советот во случајот со затворањето и згаснувањето на ТелевизијаА1, првата приватна телевизија во Македонија. Имено, А1 Телевизија остана без лиценца со одлука на Агенцијата за електронски комуникации, наместо таа одлука да ја донесеше Советот за радиодифузија.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | ✓ | | ✓ | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат: 1,3**

## 3.4. Државните/јавните радио и телевизиски куќи се одговорни кон јавноста преку широка застапеност на општеството во целина и се одбрани на независен, отворен и транспарентен начин

Советот на МРТВ има 23 члена и треба да ги застапува и да се грижи за интересите на јавноста во поглед на програмското работење на јавниот сервис. Ова тело треба да ги усвојува сите важни одлуки во јавниот сервис, а Управниот одбор е негов извршен орган. Сепак, како што оценија учесниците на панелот, Советот на МРТВ нема доволно ингеренции, а нема ниту авторитет за да стане силно регулаторно тело. Уште при донесувањето

на Законот за радиодифузија, Советот на МРТВ се најде во сенка на Советот на радиодифузија, а законодавецот малку водеше сметка за зајакнување и за промовирање на ова регулаторно тело кое треба да ја гарантира широката застапеност на општеството во МРТВ.
Како што истакна еден панелист, во Македонија, ретко кој ги знае членовите на Советот на МРТВ по име и презиме, како тие одлучуваат, кога и зошто носат одлуки. За работата на Советот не се води дебата ниту кога се расправа во Собранието, а не постои ниту интерес во јавноста за неговото дејствување. Учесниците на панелот забележаа дека Управниот одбор на МРТВ е доминантен во политиката на јавниот сервис, а Советот само аминува, наместо да е обратно.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | | | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | ✓ | ✓ | ✓ | | | ✓ | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат: 1,4**

## 3.5. Носителите на државни функции и носителите на функции во политички партии, како и оние кои имаат финансиски интерес во РТВ индустријата, се исклучени од можно членство во Одборот на државната/јавна Радио и Телевизија

Членовите 128 и 143 од Законот за радиодифузија регулираат точно кои лица не можат да бидат членови на раководните органи на МРТВ. Но, како што забележаа повеќето панелисти, тоа не ú попречи на власта да постави свои луѓе на одговорни функции. Така, извршниот директор на МРТВ во 2013 година беше поранешен сопственик на портал, чија уредувачка политика беше нагласено провладина. Дури, пред да стане извршен директор имал и судење заради тоа што не ги расчистил работите од претходната фирма, како што се исплата на платите и други давачки.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 Земјата не го исполнува овој показател | | | | | ✓ | ✓ | | | | | |
| 2 Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | ✓ | | | | |
| 3 Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | ✓ | | ✓ |
| 4 Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | ✓ | | ✓ | |
| 5 Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |

**Просечен резултат: 3,5**

## 3.6. Уредувачката политика на државната/јавната Радио и Телевизија е загарантирана со закон,заштитена од политичко влијание и се спроведува во пракса

Во членот 121 на Законот за радиодифузијастои дека заради остварување на јавниот интерес, МРТВ е должна да обезбеди програма што е заштитена од какво и да е влијание на власта, на политички организации или на центри на економска моќ. Учесниците на панелот, речиси едногласно, укажаа дека ова законско начело е мртво слово на хартија, односно, во праксата не се почитува, бидејќи уредувачката политика на МРТВ е под целосна контрола на власта. Она што посебно загрижува е тоа што политичкото влијание на власта не се огледа само во уредувачката политика, туку е видливо и нагласено во, речиси, секоја програмска содржина емитувана на јавниот сервис.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | | ✓ | ✓ |
| 2 Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | ✓ | | | ✓ | | |
| 3 Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | ✓ | | | |
| 4 Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат: 1,4**

## 3.7. Државната/јавната Радио и Телевизија е соодветно финансирана на начин кој ја штити од произволно мешање по пат на буџетирање и комерцијален притисок

Неможноста да се обезбеди соодветно финансирање на јавниот сервис е проблем што не е решен во изминатите 20 години. Недостигот на сигурни извори на финансирање го прави јавниот сервис подложен, пред сé, на политичко влијание. Иако Владата се обидува последниве години да ја заживее дисциплината кај граѓаните кои со години не плаќале радиодифузна такса, тоа оди многу тешко во пракса. Иако буџетското финансирање е реликт од минатото, сепак, како што истакнаа некои панелисти, парите од буџетот се клучни за нормалното функционирање на јавниот сервис и за каква-таква финансиска стабилност на МРТВ. Она што дополнително ги комплицира работите не е само економскиот или социјалниот момент (осиромашувањето на граѓаните) и ниската свест дека радиодифузната такса е обврска на граѓаните. Отпорот кон плаќањето на јавната давачка сега има и политичка димензија, бидејќи многу граѓани ја одбиваат оваа обврска, пред сé, заради тоа што јавниот сервис не ја извршува својата основна задача, односно се доживува како партиски сервис.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | ✓ |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат: 1,1**

## 3.8. Државната/јавната Радио и Телевизија е технички достапна во целата земја

Во Република Македонија, преносот на програмите се врши преку шест аналогни терестријални радио и осум телевизиски радиодифузни мрежи за пренос на програми на јавни и приватни радиодифузери. Јавен оператор за преносот на радио и телевизиските програми е Јавното претпријатие Македонскарадиодифузија - Скопје (МРД).

За разлика од јавниот сервис, комерцијалните радиодифузери располагаат со сопствени аналогни радиодифузни мрежи, односно најчесто самите ги пренесуваат своите програмски сервиси. Нивно реемитување вршат и други оператори на јавни комуникациски мрежи

на повеќе технички платформи, како што се кабел (аналогно и дигитално реемитување - DVB-C), IPTV (телевизија преку Интернет протокол), безжични дигитални земски мрежи (DVB-T), сателитски мрежи (DVB-Sx), како и преку некои мобилни UMTS-оператори.
Учесниците на панелот заклучија дека гледаноста на МРТВ и на другите радиодифузери е задоволителна, особено ако се има предвид конфигурацијата на земјиштето. Еден од панелистите посочи дека дури 97% од територијата е покриена со телевизиски сигнал.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | | | | | | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |

**Просечен резултат:** **4,6**

## 3.9. Државната/јавната Радио и Телевизија нуди разновидни програмски формати за сите интереси

Јавниот сервис, и покрај сите финансиски проблеми и тешкотии во изминатите две децении, успеа да биде огледало на мултикултурноста на Македонија. Постоењето и проширувањето на програмските појаси на јазиците на етничките заедници во Македонија е едно големо достигнување на МРТВ, кое заслужува целосен респект.
Повеќето учесници на панелот сметаат дека, генерално, постои напор да се задоволат сите интереси и обид за разновидност и за шареноликост на програмата. Еден од панелистите истакна дека во МРТВ има навистина голем број професионалци кои можат да обезбедат квалитетна програма. Од друга страна, еден од панелистите забележа дека нема никаква понуда кај детската програма, а тоа е голем недостиг кој не смее да му се случи на јавен радиодифузер. Слично е и со образовната програма, а забележливо е отсуството на играна програма, односно на серии, телевизиски драми, и слично.
На еден јавен радиодифузер не му личи да купува најскапа спортска програма, или многу скапа играна програма. Таа треба да се концентрира на правење сопствена програма и да биде порационална во купувањето странска понуда, заклучи еден од панелистите.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | | | ✓ | | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | ✓ | | | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | ✓ | | | ✓ | | | | | ✓ | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | ✓ | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **2,3**

## 3.10. Државната/јавна Радио и Телевизија нуди избалансирана и првична информација во вестите и тековните работи, со што го одразува целосниот спектар на разновидни гледишта и мислења

Македонската радио и телевизија е должна да создава и да емитува програми од јавен интерес со кои се одразува општествениот и културниот плурализам во државата. Во членот 121, посебно е нагласено дека јавниот сервис треба да нуди разновидни гледишта и мислења и да се поттикнува културата на јавен дијалог. Повеќето учесници на панелот забележаа дека јавниот сервис има пристрасен, неизбалансиран и селективен пристап дури и во пренесувањето на вестите и на информациите. МРТВ не нуди јасен преглед за тековните случувања, бидејќи енормен простор во информативните емисии се одвојува за активностите и за ставовите на власта, на сметка на опозициските партии и на други невладини организации, за кои се информира само ако одржале прес-конференција или се предмет на критика. Многу често, при пласманот на некоја информација, новинарите на МРТВ користат коментаторски елементи, со што се контаминира веста или информацијата и тоа со ставови кои, речиси, се идентични со оние на власта.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | ✓ | | | | | | | ✓ | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,2**

# 3.11. Државната/јавна Радио и Телевизија нуди максимално разновидна и креативна локална содржина која економски е остварлива

Учесниците на панелот констатираа дека постои преземање на надворешна продукција и тоа програмски е така утврдено кај јавниот сервис. Но, притоа се укажа дека постојат и некои слабости, бидејќи се купува само од одредени продукции. Еден од панелистите ја пофали МРТВ бидејќи сними 70 документарци од областа на националната историја.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | ✓ | | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | | ✓ | | ✓ |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | ✓ | | ✓ | | ✓ | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **2,2**

**Просечен резултат за Сектор 3:** **2**

# СЕКТОР 4

## Медиумите практикуваат високо ниво на професионални стандарди

# Медиумите практикуваат високо ниво на професионални стандарди

## 4.1. Медиумите следат доброволни кодекси на професионални стандарди, кои ги спроведуваат саморегулаторните тела кои решаваат по жалби поднесени од јавноста

Во Македонија не е воспоставен систем на саморегулација, па затоа и не постојат саморегулаторни тела, какви што постојат во некои од земјите во опкружувањето. Улогата на саморегулаторно тело до некаде ја врши Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), меѓутоа неговите капацитети се реално мали за да може да ги задоволи потребите од следењето на кодексите на професионалните стандарди. Непостоењето на вакви саморегулаторни тела ги ставаат и граѓаните во подредена позиција, бидејќи ним им е овозможено на независно место да ги упатуваат своите жалби на евентуалниот непрофесионален медиумски однос кон нив. При недостиг на саморегулација, непрофесионалноста (говор на омраза, спинови, еднострано информирање...) зема сé поголем замав, при што засегнатите страни се упатуваат својата правда да ја бараат на суд. За жал, судството сосема неподготвено ги дочекува овие случаи, покажувајќи се фрагилно кон политичките притисоци и целосно имуно кон европските насоки во оваа област.
Уште пред неколку годиниЗНМ покрена процес за воспоставување на систем на саморегулација, но тој процес се одвива многу бавно и со премногу пречки (најмногу од страна на работодавачите, односно сопствениците на медиумите). Во дебатата беше посочено дека во некои земји постои институција на своевиден медиумски омбудсман, но во Македонија за вакво решение уште не се ни разговарало. Како натаму ќе се одвива процесот на саморегулација, како што беше спомнато во дискусијата, ќе зависи многу и од решенијата што ќе ги понуди новиот Закон за медиуми,кој е во подготовка.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | | | | ✓ | | | | | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | ✓ | ✓ | | | ✓ | ✓ | | ✓ | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | ✓ | | | | ✓ | | ✓ | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **2**

## 4.2. Стандардот на известување ги следи основните принципи на точност и правичност

Политичката и економската опортуност сé повеќе го заземаат местото на професионалноста. Точни и професионално обработени информации денес можат да се најдат само во некои портали на Интернет, меѓутоа со предложените решенија во новиот Закон за медиуми се чини дека се прави обид и овие оази на професионалното новинарство да се претворат во пропагандни мегафони. Печатените медиуми одумираат, а оние што остануваат се под меценство на Владата и фирмите што ú се блиски.
Во однос на електронските медиуми, овој сегмент не го следи ни Советот за радиодифузија. Со оглед на селективното финансирање на рекламни програми со пари од државниот буџет, медиумите не се поттикнуваат да негуваат професионализам, туку обратно – да се стават во служба на една политичка опција. Во ваква ситуација и новинарите ја губат силата во борбата за професионалност, па во медиумите најчесто и не можат да се најдат низа клучни информации за функционирањето на општеството, при што не се прави ни обид од страна на новинарите да стасаат до нив. Во таква ситуација, за новинарски професионализам, речиси и воопшто не може да се говори.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | ✓ | | | ✓ | | | ✓ | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,3**

## 4.3. Медиумите покриваат широк спектар на случувања, прашања и култура, вклучувајќи: бизнис/економија, културни, локални и истражувачки стории

Содржината на медиумите, речиси, целосно зависи од агендата на власта тој ден. Медиумите не само што не ја креираат јавноста, туку се целосно ставени во улога на проследувачи на владините активности. Во таа смисла, во дневниот печат во прилив на дневно-политички настани, најчесто се

повлекуваат страниците за култура, па тоа, со време, доведува до состојби во кои некои сериозни културни сегменти, како што се театарот или сликарството, воопшто да не се следат. Се доаѓа дури во ситуација, некои од поголемите и поважни телевизии не само што немаат редакции за култура, туку воопшто немаат ни вработен новинар што би ги следел овие настани. Но, ако тој ден, на пример, министерот за култура има одредени активности, тогаш и во медиумот ќе биде застапена културата!

Доминацијата на политиката е целосна, па не само што е таа покриена со дневните вести и информации, туку и најголемиот број од колумнистите се политичари, па на тој начин е опфатен целиот медиумски простор.

Во таква ситуација, во медиумите отсуствуваат низа важни теми. Покриеноста, на пример, на внатрешноста на државата е катастрофална, а како пример се наведува дека јавниот сервис своевремено имал 80 дописници низ Републиката, а сега нема ни десет, додека кај другите телевизии состојбата е уште полоша. Во сферата на покривањето на настаните и третирањето на актуелните теми не се разликуваат ни, таканаречените, опозициони медиуми, кои ја следат истата матрица на информирање (само со спротивен предзнак) и не придонесуваат за поширок опфат и содржинска разноликост. Иако на телевизиските програми се забележливи низа дебатни емисии, отсуствува вистинска квалитетна дебата, најчесто затоа што претставниците на власта, или поддржувачите на владините политики, одбиваат да ги вкрстат своите, со оние мислењакои се разликуваат.

Забележлива е и поделбата на медиумите по етничка линија во два паралелни света. Медиумите на македонски јазик, речиси, воопшто не известуваат за состојбите во албанската заедница, и обратно.

Некаква разноликост на темите може да се забележи на Интернет порталите, меѓутоа сето тоа се губи во преплавеноста на владејачката пропаганда.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | ✓ | | | ✓ | | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | ✓ | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | ✓ | ✓ | | | ✓ | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **2**

# 4.4. Еднакви прилики без оглед на: раса, социјална група, род/пол, религија, инвалидитет и старост, се промовираат во медиумските куќи

За жал, македонското општество е нетолерантно, па според тоа не може да се очекува од медиумите да бидат толерантни или антидискриминирачки. Како пример беше наведена медиумската кампања на Владата за трето дете и бенефициите што повеќедетните семејства ќе ги имаат. Оваа кампања исклучителнобеше насочена кон етничките Македонци, па Уставниот суд го укина овој Закон, меѓутоа медиумите воопшто, или многу слабо реагираа на ваквите дискриминирачки политики.

Во медиумите често можат да се сретнат сериозни жигосувања на маргиналните групи, па лесно може да се прочита синтагма од типот на „дувло на наркомани". Од друга страна, кога еден медиум објави сторија за еден хомосексуалец, неговото семејство потоа го заклучи човекот во куќата и не го пушташе повеќе да излегува надвор. Ваквата практика ги става медиумите и во морална дилема околу ефектите на нивното информирање.

Од друга страна, речиси и не е забележан случај за вработување на лице со посебни потреби во медиумската сфера. Напротив. Дури и оние што го оштетиле своето здравје, за време на работа во редакција, набргу остануваат на улица. Во услови на сериозно нарушен медиумски пазар, кога медиумите секојдневно гаснат и се укинуваат, кога десетици новинари во активните редакции се прогласени за технолошки вишок, а без работа се повеќе стотици новинари, на сопствениците на медиумите не им паѓа на ум да покажат некаква општествена одговорност или социјална солидарност. Напротив.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | ✓ | ✓ | ✓ | | | ✓ | | ✓ | | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,5**

## 4.5. Новинарите и уредниците не практикуваат самоцензура

Самоцензурата е сеприсутна во македонскиот медиумски простор. Таа првенствено потекнува од главните уредници и уредниците воопшто, а потоа се префрла врз новинарите. Начинот на кој се избираат главните уредници (нетранспарентно, без конкурси и одредени критериуми, туку врз основа на послушност), доволно говори за состојбата во оваа област. Со Законот за медиуми,кој е во подготовка, се предвидува за именување на главни уредници да се побара мислење од редакцијата, меѓутоа веќе сега има голем отпор кон ова решение.
Самоцензурата се практикува и како резултат на политички притисок, но и како резултат на опортунизам. Ако на новинарот не му се објават неколку прилози, тој инстинктивно ќе пишува „онака како што треба". Од друга страна, новинарите неретко се интимизираат со изворите на информации, им импонира нивното пријателство, па често премолчуваат некои негативни појави за да го заштитат својот извор.
Ако, пак, новинарот остане упорен во своите гледишта, најчесто „нежно" се елиминира, така што неговите прилози нема да бидат објавувани со разни оправдувања и нема да му бидат давани работни задачи („нема место", „одмори се малку"...), за на крајот да се спроведе иницијатива за преиспитување на неговиот работен придонес. Во наковалната меѓу егзистенцијата и професионалноста, најчесто се избира – егзистенцијата!
Забележени се и случаи на своевиден бојкот на поугледните новинари при промена на владејачките структури. Ако нивните коментари биле насочени против некогашната опозиција, а сегашна власт, тие, едноставно, одбиваат и натаму да коментираат, најверојатно од тоа што сметаат дека ќе треба да бидат позитивно настроени кон власта.

## Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | ✓ | | ✓ | ✓ | | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | ✓ | ✓ | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | ✓ | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,7**

## 4.6. Сопствениците на етаблирани главни приватни медиуми не се мешаат во уредувачката независност

Дури и да постоела таква практика, сега со решенијата од Законот за граѓанска одговорност, практично сопственикот се принудува да се меша во уредувачката политика, затоа што финансискиот товар на казните за клевета и навреда кај него е најголем. Меѓутоа, во оваа област постојат и други проблеми. Најчесто не се ни знае кој е вистинскиот газда на медиумот, бидејќи, прво, сопственичките односи се премногу испреплетени, второ, најчесто сопствениците се само „носачи на звук", а вистинскиот газда, всушност, е државата. На пример, на една телевизија, државата ѝ должи дури девет милиони евра, па нејзината зависност од државната политика е повеќе од јасна.

Ако сопственикот не сакал да се меша во уредувачката политика, тогаш, според еден од дискутантите, „не би отворал медиум, туку би продавал бројлери". Како проблем, во дискусијата беше наведена и сопственичката структура на медиумите. Имено, на сопствениците на главните медиуми, медиумскиот бизнис не им е основен, туку помошен, па уредувачката политика, главно, ја користат како помошна алатка за профитирање преку нивните главни бизниси. Од друга страна, како сопственици на важни медиуми се јавуваат и лидери на политички партии, па влијанието врз уредувачката политика како пропагатор на одредена политичка идеја, или како алатка за профитирање на една политичка опција, е неминовен. Влијанието најчесто се врши преку раководните лица, но не се ретки случаите на нарачани текстови и прилози. Дури беше наведен и пример на новинари кои во една редакција одбиле да „плукаат" по одредена личност, при што сопственикот најмил агенција која ги извршила бараните задачи, наместо новинарскиот тим.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | ✓ | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат: 1,3**

## 4.7. Новинарите и медиумските куќи имаат интегритет и не се корумпирани

Корупцијата е еден од главните проблеми со кој се соочува македонскиот медиумски простор. Таа, пред сé, е видлива во средствата што Владата ги троши за сопствените кампањи. Се проценува дека на годишно ниво се трошат околу 15 милиони евра буџетски пари, главно нетранспарентно и на селектирани медиуми. На тој начин се корумпира медиумот, но целосно се нарушува и медиумскиот простор. Постојат примери каде што медиумите се јавуваат како главни спонзори на политички партии, што, исто така, доведува до сериозна корумпираност.
Што се однесува до новинарите, еден од изнесените ставови во дискусијата беше дека тие се само извршители и дека често не ја знаат заднината на работите, а корупцијата доаѓа „одозгора". Сепак, ниските примања и социјалниот статус нeретко се причина и за корумпираноста на новинарите (преку: ситни бенефиции, мали подароци, патувања...), а дел од нив стануваат луѓе за односи со јавноста во фирмите за кои претходно пишувале или портпароли во одредени министерства и јавни институции, што повторно доведува до проблемот на корупција.
Во секој случај, како што беше наведено, „популистичкиот систем на владеење прво го корумпира народот, па тука новинарите се често немоќни". Исто така, во ситуација на, речиси, целосно корумпирано општество („првин се предадоа бизнисмените, а потоа и другите") медиумите би требало последни да се предадат во борбата против корупцијата, но за жал, нивната улога во коруптивната свест воопшто не е мала.

### Резултати:

**Поединечни резултати:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат:** **1,8**

## 4.8. Нивоата на плата и општо, условите на работа за новинарите и останатите медиумски практичари, се соодветни

Во оваа сфера, со децении има најниска цена на трудот. Јасно е дека ваквата политика на плаќање на новинарскиот труд има за цел да ја девастира професијата и да го понижи медиумскиот професионалец. Денес, состојбата е веројатно најлоша од било кога, што не значи дека не може да биде и полошо. Новинарите, во борба за гола егзистенција, најчесто прифаќаат да работат „на црно“, односно непријавени, без социјална и здравствена заштита, и за минимален хонорарен надомест, кој е нередовен и несигурен. Оние што „имаат среќа“ да бидат во постојан работен однос, со своите примања се под републичкиот просек. Со вака платените новинари и медиумски работници лесно се манипулира и преку медиумите се остваруваат некои други цели. Државните инспекциски органи (Трудовата инспекција) спроведуваат инспекциски надзор по селективни методи, односно на удар, главно, се опозициските медиуми, чија политика, патем речено, во оваа сфера е сосема идентична.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | |

**Просечен резултат: 1,3**

## 4.9. Медиумските професионалци имаат пристап за обука која нуди формални програми за квалификација, како и прилика за подобрување на своите вештини

Постојат можности за доусовршување, често финансирано од разни фондации и од меѓународниот фактор, меѓутоа ваквата пракса не е поддржана од самите медиуми, па новинарите што решиле да користат вакви можности за подобрување на своите вештини се соочени со фактот дека најчесто за тоа мораат да земат денови од годишен одмор или неплатено отсуство. Во таа смисла, иако вакви програми постојат, сé помал е интересот кај новинарите за нив, а сé поголеми проблемите за оние што ги користат.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | | ✓ | | | ✓ | | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | ✓ | ✓ | | | ✓ | ✓ |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | | ✓ | | | | | ✓ | ✓ | | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | | ✓ | | | | | | | |

**Просечен резултат: 3,3**

# 4.10. Новинарите и другите медиумски практичари се организирани во синдикати и/или професионални здруженија

Најрепрезентативните новинарски асоцијации се Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), како еснафска организација и, од неодамна формираниот, Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ). ЗНМ во последно време е активен фактор во преговорите со Владата околу законските решенија во оваа област (иако резултатите од овие разговори често се оценуваат како контроверзни), додека ССНМ има постигнато извесни резултати во бројните судски спорови што ги води во име на незаконски отпуштените новинари и медиумски работници. Има и други здруженија, но овие две во моментов се најагилни во спроведувањето на професионалните стандарди и заштитата на правата од работен однос. Медиумските работници немаат потпишано колективен договор што, секако, е голем хендикеп, а причината за тоа е дека не постои асоцијација на работодавачи во оваа област, односно Синдикатот нема со кого да преговара и да постигне договор.

## Резултати:

### Поединечни резултати:

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Земјата не го исполнува овој показател | | | | | | | | | | | |
| 2 | Земјата исполнува само некои аспекти од овој показател | ✓ | | | | | | | | | | |
| 3 | Земјата исполнува некои аспекти од овој показател | | | | | | | | | | | ✓ |
| 4 | Земјата ги исполнува повеќето аспекти од овој показател | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | | ✓ | ✓ | |
| 5 | Земјата ги исполнува сите аспекти од овој показател | | | ✓ | | | | ✓ | ✓ | | | |

**Просечен резултат: 4**

**Просечен резултат за Сектор 4: 2**

**Вкупен резултат за Македонија: 2,2**

# Случувања во текот на изминатите неколку години и поглед во иднината

## Позитивни настани:

1. Зајакнато професионално асоцирање и синдикално здружување
2. Зголемување на свеста за катастрофалната состојба на слободата на медиумите и новинарската професија
3. Голем број онлајн портали и е-весници
4. Голем број новинари не се помируваат и му пркосат на режимот
5. Сé поголем број млади интелектуалци се вклучуваат во јавниот дискурс
6. Го достигнавме дното, нема веќе простор за деградација
7. Лесен пристап до нови медиуми и разочарување од традиционалните (мејнстрим) медиуми
8. Демонстративно напуштање на „консултациите“ за новиот Закон за медиуми од страна на новинарите и новинарските организации
9. Зголемување на свеста за можностите што ги нудат новите медиуми
10. Постоење на мултијазични дебатни емисии
11. Отпор на новинарите по повод затворањето на А1 ТВ
12. Здружување на новинарите за клучни теми за професијата
13. Онлајн просторот сé потешко се контролира
14. Значително намален говорот на омраза во однос на меѓуетничките односи

15. Нови имиња во медиумската сфера
16. Емисии од типот на радиоемисијата „Петар за појадок"
17. Влијанието на социјалните мрежи и нивната раширеност
18. Свеста за медиумскиот мрак расте кај граѓаните
19. Започнат процес за формирање на тело за саморегулација
20. Влијание врз Советот за радиодифузија, да почне да се применува членот од Законот за одвојување на политичката функција од сопственик на медиуми

## Негативни настани:

1. Непостоење медиумски пазар
2. Ширење на говорот на омраза
3. Затворање на медиуми (А1 ТВ, Граѓански, Глобус, Фокус, итн.)
4. Владата контролира 90% од медиумите
5. Лош јавен сервис
6. Коруптивни медиуми без интегритет
7. Поделеност по етничка линија во медиумите
8. Цензурата и самоцензурата се во голем пораст
9. Социјален притисок врз новинарите
10. Максимална политичка инструментализација на медиумите
11. Окупација на јавниот простор за време на предизборниот процес
12. Дочекот на воениот злосторник Јохан Тарчуловски со највисоко државно присуство

13. Губење на професионалниот интегритет на медиумите
14. Неиницирање на општествена дебата за клучни прашања
15. Клиентелизмот во медиумите и губење на кредибилитетот во јавноста
16. Медиумите служат како пропагандни гласила
17. Гледаноста и тиражите се паднати на рекордно ниско ниво
18. Манипулација со јавни фондови за „државна“ (партиска) промоција
19. Ужасна судска пракса во однос на клеветата и навредата
20. Недостиг на пазарни можности за слободоумните новинари и креатори на мислења
21. Обидот да се донесе новиот Закон за медиуми по итна постапка
22. Групно исфрлање на новинари од Парламентот и недостиг на солидарност од страна на други новинари
23. Мешање на политичкиот центар во кадровската политика на медиумот
24. Локалните средини во информативен мрак (затворени 29 локални медиуми)
25. Нема дописници од локалните средини
26. Отсуство на професионални стандарди
27. Користење на медиумскиот простор за наметнување дискриминација

# Поглед во иднината

1. Покренување широк општествен дијалог за потребата од враќање на професионализмот и етиката во медиумите
2. Меѓународната заедници да ги отвори фондовите за рехабилитација на медиумската сфера
3. Локалните власти да ги тргнат рацете од локалните медиуми, каде што директно се читаат само вести од општинскиот билтен
4. Независно тело да обезбеди финансиска поддршка за враќање на локалните јавни медиуми во Македонија, без политичка капа и корупција
5. Агенција од независни поединци која ќе ги распределува буџетските средства за пропаганда
6. Подобрување на условите за работа, вклучително и модели на плата/наградување на новинарите и модели за кариера и развој
7. Јакнење на новинарските здруженија и појасно артикулирање на проблемите во медиумската сфера и новинарска професија.

# Учесници во панел дискусијата

| Име | Занимање |
|---|---|
| Фарко Шаќири | Новинар |
| Јованка Дојранлиева | Новинар |
| Горан Момировски | Новинар |
| Васил Мицковски | Новинар и НВО активист |
| БранкоТричковски | Новинар |
| Аделина Марку | Новинар и активист за женски права |
| Илир Ајдини | Експерт за регулација на медиумска сфера |
| Сашо Ордановски | Екперт и истражувач на медиумска сфера |
| Тамара Грнчароска | Новинар и НВО активист |
| Наташа Јовановска | НВО активист |
| Лина Ќостарова Унковска | Експерт и активист за човекови права |

## Известувач:

Љубомир Костовски

## Модератор:

Ѕвездан Георгиевски

*Панел дискусијата се одржа во Охрид, Македонија, од 12 до 14 Април 2013 година.*

# Белешки:

# Белешки:

# Белешки:

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија Скопје**
**Костурски Херои 38 - II кат**
**МК - 1000 Скопје**
**Тел.: + 389 (0)2 3093 181 / 3093 182**
**е-маил: contact@fes.org.mk**
**www.fes.org.mk**

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

SEE Dialogue South-East Europe

ISBN 978-9989-109-68-3